Врз основа на член 20, член 24 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) а во врска со поднесеното барање од од Истражувачка репортерска лабораторија, Илинденска 47 поднесено по електронски пат на 08.07.2022 година, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје го донесе следното

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-4190
27.07 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

Се **ПРИФАЌА** барањето од од Истражувачка репортерска лабораторија, Илинденска 47 поднесено по електронски пат на 08.07.2022 година, за пристап до информации од јавен карактер.

**Образложение**

Барателот на информации од јавен карактер од Истражувачка репортерска лабораторија, Илинденска 47 на ден 08.07.2022 година , по електронски пат достави барање за пристап до информации од јавен карактер со кое се бара одговор на следните прашања:

1. Која компанија ги закупила капацитетите за носење струја на Фени индустри во периодот од 1.1.2017 до 30.6.2017 година?
2. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.7.2017 до 31.12.2017 година?
3. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.1.2018 до 30.6.2018 година?
4. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.7.2018 до 31.12.2018 година?
5. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.1.2019 до 30.6.2019 година?
6. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.7.2019 до 31.12.2019 година?
7. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.1.2020 до 30.6.2020 година?
8. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.7.2020 до 31.12.2020 година?
9. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.1.2021 до 30.6.2021 година?
10. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.7.2021 до 31.12.2021 година?
11. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.1.2022 до 30.6.2022 година?
12. Која компанија ги закупила капацитетите за носење на струја на Фени индустри во периодот од 1.7.2022 до 31.12.2022 година?

Информацијата ја бараат во форма на препис/електронски запис по е-маил.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето доставено во посочената форма, увиде дека не е имател на бараните информации и дека не располага со истите. Согласно барањето на информацијата “ *Која компанија ги закупила капацитетите за носење струја на Фени индустри”* појаснуваме дека:

- компаниите кои се учесници на пазарот на електрична енергија и истовремено се регистрирани за учество на аукциите на прекугранични преносни капацитети закупуваат прекугранични преносни капацитети за увоз /извоз на електрична енергија согласно правила за закуп на прекугранични преносни капацитети и истите, согласно Европската регулатива како агрегирани податоци се објавуваат на web страницата на АД МЕПСО (https://aukcijaatc.mepso.com.mk/)
- во текот на аукцијата за закуп на прекуграничен преносен капацитет, компаниите наведуваат само количина на капацитетот (MW) и цена (евра/MW) што значи дека до АД МЕПСО не се доставува информација за која намена е закупен капацитетот. Согласно на ова АД МЕПСО не може да знае за која намена истиот е закупен
- информациите кои се однесуваат на закуп на производен капацитет во државата, се дел од договори склучени помеѓу две компании (производител на електрична енергија и компанијата која сака да закупи производен капацитет за испорака на електрична енергија, во овој случај, за потребите на Фени индустри) за кои повторно АД МЕПСО нема увид и нема информација.

Оттука произлегува дека со информациите кои Вие ги барате, располагаат Фени индустри и компанијата која закупила капацитет за испорака на електрична енергија на Фени индустри.

Врз основа на член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кој гласи: *„Ако имателот на информации што го примил барањето не располага со бараната информација веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, е должен да го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата и за тоа да го извести барателот"* и согласно член 3, став (1), алинеја 1 од Законот кој прецизно дефинира дека : *„иматели на информации" се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон и дејности од јавен интереси политичките партии во делот на приходите и расходите",* следи дека АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје не можеше да го препрати барањето до имателот на информациите од причина што ФЕНИ Индустри ниту е опфатен во дефиницијата за „иматели на информации" ниту пак се наоѓа на листата на иматели на информации од јавен карактер.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје
Генерален директор,
Orhan Murtezani

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но: Барател
Службени лица за посредување со ИЈК
Кабинет на ГД
Архива